**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЕУ ЦЕНТАР**

# *ЕУ ВЕСТИ*

***октомври 2021 година***
***ЕУЦ-број 66/2021***

## ПАКЕТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2021




Европската комисија на 19 октомври годинава го усвои и презентираше Пакетот за проширување за 2021 година, придружен со извештаите за земјите од процесот и Стратегија на ЕУ за проширување 2021. Пакетот содржи детална проценка на состојбата и напредокот постигнат одделно кај земјите од Западен Балкан и Турција во нивниот пат кон ЕУ со посебен фокус на спроведувањето на клучните реформи и јасни насоки за претстојните реформски приоритети.

“Политиката за проширување е геостратешка инвестиција во мир, стабилност, безбедност и економски раст на европскиот континент. Процесот е базиран на заслуги, на кој даваме фактичка и фер проценка и јасен патоказ за забрзување и продлабочување на реформите кај нашите партнери, што е согласно новата ревидирана Методологија за проширување, зголемувајќи го кредибилитетот на процесот” истакна Европскиот комесар за соседство и проширување Оливер Вархеји.

ЕУ преку новиот инструмент за претпристапна помош ИПА 3 (2021-2027) обезбедува финансиска поддршка за Западен Балкан и Турција, речиси 30 милијарди евра со Економскиот и инвестициски план за ЗБ, средства за зајакнување на економскиот развој, конвергенција на регионот со ЕУ и долгорочно пост-пандемско закрепнување.

Европската комисија нотира дека „Северна Македонија и Албанија продолжуваат да ги исполнуваат условите за отворање на пристапните преговори, двете земји стабилно напредувале на реформскиот пат кон ЕУ. Одложувањата на официјалниот почеток на преговорите со двете земји имаат негативно влијание врз кредибилитетот на ЕУ. Билатералните прашања меѓу Бугарија и Северна Македонија треба да се решат како приоритетни. Клучно е земјите членки на ЕУ да ги завршат дискусиите за преговарачките рамки без натамошно одложување и првите меѓувладини конференции со двете земји да се одржат што е можно поскоро и пред крајот на оваа година“.

Сите шест партнери од ЗБ се обврзаа да воспостават Заеднички регионален пазар, изграден врз база на правилата и стандардите на ЕУ, да се фокусираат на надминување на потешкотиите со кои се соочуваат со цел можностите од оваа иницијатива да ги донесат поблиску до граѓаните и деловните субјекти во регионот.

Се очекува Советот на ЕУ да ги разгледа препораките на Европската комисија и да донесе одлуки за следните чекори во процесот на проширување на ЕУ.

https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Пакет за проширување на Европската Унија 2021 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Парламентарни избори во Чешка | 5 |
| Самит ЕУ-Западен Балкан | 6 |
| Одговорот на ЕУ кризата со коронавирус во | 6 |
| Економски инвестициски план на ЕУ | 7 |
| Експертска група за дезинформации и дигитална писменост на ЕУ | 7 |
| План за зелени инвестиции „Франција 2030“ | 8 |
| Загриженост во ЕУ по одлуката на Уставниот суд во Полска | 8 |
| Раст на цената на енергијата во ЕУ | 9 |
| Дигитален Ковид сертификат во ЕУ | 9 |
| Повисока инфлација во еврозоната | 10 |
| Европска недела на региони и градови | 10 |
| Награда за истражувачко новинарство во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / ноември 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија од 04 до 07 октомври 2021***

На предлог на Конференцијата на претседатели (претседателот на ЕП и претседателите на политички групи), Европскиот парламент формираше нова постојана делегација на Парламентарното собрание ЕУ-Обединетото Кралство која ќе вклучува по 35 пратеници од Европскиот парламент и парламентот на Обединетото кралство (вкупно 70).

Во извештајот усвоен со 510 гласа европратениците побараа итни мерки за заштита на жртвите од насилство од партнерот. Текстот го нагласува напливот на интимно насилство од партнер за време на Ковид пандемијата и отежнат пристап до услугите за поддршка и правда. Европратениците го повторија повикот на ЕП „родово базираното насилство" да се вгради во областа криминал, во членот 83 од ДФЕУ.

Резолуцијата на ЕП за безбедност на патиштата во ЕУ, усвоена со 615 гласа забележува дека на патиштата во ЕУ секоја година има околу 22.700 жртви, и 120.000 тешко повредени. Напредокот во намалувањето на стапките на смртност стагнираше во последниве години, и ЕУ не ја оствари целта цел да го преполови бројот на смртни случаи во сообраќајот во периодот од 2010 до 2020 година (односно да се намалат смртни случаи на патишта за 36%).

Во резолуција усвоена со 377 гласа европратениците побараа силни гаранции при употребата на алатки за вештачка интелигенција, при спроведување на законот, обезбедување на правото на приватност и борба против дискриминацијата.

Европратениците го потврдија ставот за предложениот закон за ажурирање на критериумите и методологијата за избор на енергетски проекти од заеднички интерес (PCIs). Поектите вклучуваат високонапонски далноводи, цевководи, капацитети за складирање енергија или паметни мрежи, кои ќе имаат корист од брзите административни процедури и право да добијат средства од ЕУ.

Европратениците, со претставници на Советот на ЕУ и ЕК дебатираа за зголемувањето на цените на бензинот и загриженоста за влијанието врз потрошувачите и бизнисите. Европратениците побараа зајакнување на капацитетот за складирање гас и воспоставување заеднички програми за набавка на гас. Зелениот договор на ЕУ да се искористи како можност за подобрување на енергетската безбедност и независност.

Европратениците изразија огорченост од објавените т.н. „Пандора документи" и го критикуваа несоодветниот одговор на владите повеќе од една деценија. Тие ја истакнаа потребата од итно склучување на меѓународен договор за одданочување на бизнисот и негова примена во правото на ЕУ.

Во дебатата со еврокомесарот за економија Паоло Џентолини, за унгарските и полските планови за закрепнување, европратениците побараа поголема транспарентност за да се уверат дека средствата се правилно распределени.

Во извештајот усвоен со 591 гласа европратениците повикаа на сеопфатен сет на мерки и кохерентна ИКТ политика и подобрена координација на воената сајбер одбрана за зајакнување на сајбер отпорноста на ЕУ.

Во новиот извештај за геополитичките и безбедносните предизвици на Арктикот се истакнува дека арктичките држави и меѓународната заедница треба да го зачуваат Арктикот како област на мир и конструктивна соработка.

Во усвоената резолуцијата ЕП изразува силна солидарност со Литванија, Полска и Летонија, како и со другите земји на ЕУ неодамна цел на обидите на Белорусија да насочи значителен број мигранти и бегалци кон надворешните граници на ЕУ.

ЕУ треба да има заедничка дефиниција за попреченост и да воведе Европска карта за попреченост за взаемно признавање на статусот на попреченост низ ЕУ, тврдат европратениците во резолуцијата усвоена со 579 гласа.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија од 18-21 октомври 2021г.***

Европскиот парламент побара Европската комисија да дејствува во одбрана на полските граѓани и основите на правото на ЕУ, преку активирање на механизмот за условување.

Европратениците ги презентираа плановите на прехранбените системи на ЕУ, за производство на поздрава храна, осигурување на безбедноста на храната, праведен приход за земјоделците и намалување на еколошкиот отпечаток на земјоделството. Тие ја поздравија стратегијата „Од фарма до вилушка“ и ја нагласија важноста од производство на одржлива и здрава храна за да се постигнат целите на Европскиот зелен договор, вклучително и за климата, биодиверзитетот, нула загадување и јавното здравје.

Земјите-членки на ЕУ треба да обезбедат хонорарците и самовработените вклучително и уметниците и културните работници да имаат пристап до колективно договарање, се наведува во резолуцијата усвоена со 543 гласа.
Европскиот парламент во резолуција усвоена со 577 гласа изрази загриженост за нападите врз медиумите на ЕУ во некои земји-членки и повика на итна акција.

Европскиот парламент го повика Европскиот совет да се справи со кризата со цените на енергијата.
Наградата Сахаров за слобода на мислата на Европскиот парламент за 2021 година, европратениците ја доделија на рускиот опозициски политичар и антикорупционер, Алексеј Навални.

Европратениците направија гизмени на повеќето од кратењата на Советот (вкупно 1,43 милијарди евра) и со тоа го вратија нацрт-буџетот на првично предложеното ниво од Европската Комисија.

При усвојувањето на позицијата на ЕП за буџетот на ЕУ за 2022, европратениците побараа износот на буџетот за Фронтекс за следната година да се стави во резерва од 90 милиони евра (или 12% од предложениот буџет на агенцијата).

Европратениците со резолуција усвоена со 563 гласа се заложија за обврзувачки цели за намалување на емисиите на метан за да се постигнат климатските цели на ЕУ и да се подобри квалитетот на воздухот.

Во врска со Пандора документите, европратениците со 578 гласа усвоија резолуција со која повикаа на мерките кои ЕУ треба да ги преземе за да ги затвори пропустите кои моментално дозволуваат избегнување данок, перење пари и даночно затајување во поголеми размери.

Европарламентот со 527 гласа усвои позиција за Конференцијата на ОН за климатски промени COP26 што ќе се одржи во Глазгов од 31 октомври до 12 ноември годинава.

Во резолуцијата усвоена со 458 гласа европратениците побараа нови правила за потранспарентен процесот на истражување, купување и дистрибуција на вакцините за Ковид-19.

Со резолуција усвоена со 502 гласа европратениците истакнаа дека полскиот Уставен суд не е правно валиден ниту независен и не е квалификуван да го толкува уставот на Полска. Европарламентот ги осуди обидите за нарушување на супремацијата на правото на ЕУ, и го повика Советот и Комисијата да го заштитат граѓаните на Полска и Унијата.



www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА






Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери учествуваше на Европската конференција на претседатели на парламенти која се одржа во Атина на 21 и 22 октомври годинава, во организација на грчкиот парламент и Парламентарното собрание на Советот на Европа. Џафери имаше свое обраќање на Конференцијата на тема „Заедничката иднина на сите европски граѓани“. Во рамки на конференцијата Џафери се сретна со потпретседателката на шведскиот Риксдаг, Лота Џонсон Форнаве. На средбата Џафери ја поздрави инцијативата на Риксдагот за соработка за демократски развој со Собранието. Претседателот Џафери оствари средба со Претседателот на Парламентот на Република Грција, Константинос Тасулас, прва средба на претседатели на парламенти на двете држави. Претседателот Џафери укажа дека, во грчкиот парламент сè уште не се донесени ратификациите со кои се унапредува соработката со Северна Македонија во повеќе области, вклучително и во делот на евроинтеграциите и побара нивна ратификација.
Протоколарна средба Џафери оствари и со новоизбраната Претседателка на Собранието на Република Албанија, Линдита Никола.

www.sobranie.mk

На 25 октомври 2021 година амбасадорот на Европската Унија во нашата држава, Дејвид Гир официјално го предаде Извештајот на ЕК за Северна Македонија за 2021 година на претседателот Џафери. Извештајот беше оценет како позитивен, објективен и реален во однос на Собранието како централна институција во која се одвива дебатата на сите политички партии. Соговорниците се осврнаа и на процесот на Дијалогот Жан Моне и постигнатите цели.





Потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски, заменичката на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, Марија Петрушевска, претседателката на Комисијата за политички систем, Соња Мираковска, претседателката на Законодавно-правната комисија, Снежана Калеска-Ванчева и заменикот на генералниот секретар, Бојан Василевски одржаа средба со претседателката на Комисијата за финансирање и буџет во Парламентот на Р. Хрватска, Гроздана Перич, претставници на Државниот завод за ревизија на Р. Хрватска, главниот државен ревизор, Максим Ацевски и претставници на Државниот завод за ревизија на Р. Северна Македонија. Средбата е во рамки на Твининг проектот на ЕУ-ИПА „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“', со кој е предвидено зајакнување на соработката на Државниот завод за ревизија со Собранието на Република Северна Македонија.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски, пратеникот и член на Комисијата за финансирање и буџет, Диме Велковски и заменикот на генералниот секретар, Бојан Василевски, од 26 септември до 1 октомври 2021 година, остварија студиска посета на Парламентот на Република Хрватска и Државниот завод за ревизија на Република Хрватска. Студиската посета е во рамки на Твининг проектот на ЕУ-ИПА „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“. Во рамки на посетата потпретседателот Мисовски и пратеникот Велковски остварија средба со потпретседателот на Собранието на Република Хрватска, Жељко Рејнер на која дискутираа за континуираната билатерална соработка меѓу двете земји и иницијативите за унапредување на соработката во различни области од заеднички интерес.

Пратениците Диме Велковски и Никола Мицевски учествуваа на Парламентарниот состанок кој се одржа на 8 и 9 октомври во Рим, во заедничка организација на Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Италијанскиот парламент. На состанокот учествуваат околу 300 парламентарци од земјите членки на ИПУ и други меѓународни парламентарни собранија, кои дискутираат за унапредување на парламентарната акција за климатските промени на национално, регионално и меѓународно ниво, во контекст на COP26. Состанокот беше поделен на четири сесии: Зелени пристапи за обновата по КОВИД-19, Состојбата на преговорите на COP26, Финансирање на глобалните климатски политики и Парламентарен придонес за постигнување на целите на COP26.




## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ЧЕШКА



Прелиминарните резултати од парламентарните избори во Чешка, покажуваат дека чешкиот Премиер Андреј Бабиш победи на изборите, но без мнозинство. Коалицијата составена од двете главни опозициски групи во Чешка, освои 27,77% од гласовите и ќе има 71 пратеничко место во Парламентот на Чешка. Владејачката партија АНО на премиерот Бабиш доби поддршка од 27,15%, според резултатите од преброените гласови.
На изборите во Чешка гласале 65,67% од избирачите со право на глас.
Премиерот Бабиш и честиташе на Коалицијата Заедно за резултатите и истакна дека ќе разговара за формирање на идната влада доколку претседателот Милош Земан му го довери мандатот.
Коалицијата Заедно објави дека сака да формира влада со Коалицијата пирати-градоначалници, која го освои третото место со 15,6% од гласовите.
Единствената преостаната партија што го помина прагот од 5% е Слобода и директна демократија, која освои 9,57% од гласовите. Комунистите, кои имаа претставници во парламентот од 1993 година, останаа без мандат.

https://www.dw.com

## САМИТ ЕУ-ЗАПАДЕН БАЛКАН



На Самитот ЕУ-Западен Балкан што се одржа на 6 октомври годинава во Брдо кај Крањ, организиран од Словенечкото претседателство со Советот на ЕУ, учествуваа лидерите на земјите-членки на ЕУ и шест партнери од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Република Северна Македонија и Косово. Со самитот претседаваше претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел, а учествуваше и претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен. На самитот лидерите на ЕУ усвоија Декларација со која се усогласија лидерите од Западен Балкан. Декларацијата ја потврдува недвосмислената поддршка на ЕУ за европската перспектива на Западен Балкан, се однесува на низа конкретни резултати во корист на Западен Балкан, вклучувајќи го Економски и инвестицискиот план (ЕИП) од 30 милијарди евра за следните 7 години, зголемување на стапките на вакцинација против Ковид-19, пониски трошоци за роаминг, Агенда за иновации за Западен Балкан, Зелени ленти и акциони планови за транспортна заедница. Лидерите ја реафирмираа поддршката за европската перспектива на Западен Балкан, која е од заеднички стратешки интерес и останува заеднички стратешки избор. Беше ветена помош на партнерите од ЗБ во постигнување слични стапки на вакцинација со просекот на ЕУ до крајот на годината.
Лидерите го поздравија договорот за акциониот план за Зелената агенда, кој ќе биде клучен двигател за транзицијата кон модерни, јаглеродни неутрални, климатски отпорни и ефикасни економии. ЕУ ќе продолжи да ја поддржува инклузивната регионална соработка. Партнерите од ЗБ ја повторија посветеноста на европските вредности и принципи и на спроведување на неопходните реформи во интерес на нивниот народ. Самитот беше дел од спроведувањето на Стратешката агенда 2019-2024 на Европскиот совет.

https://www.consilium.europa.eu

## ОДГОВОРОТ НА ЕУ НА КРИЗАТА СО КОРОНАВИРУС ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН




Од почетокот на пандемијата, ЕУ има мобилизирано над 3,3 милијарди евра за поддршка на Западен Балкан, за справување со здравствената криза алокацијата на средства е следната:
- 41,46 милиони евра за непосредна поддршка на здравствениот сектор за набавка на медицинска опрема и материјали;
- 70 милиони евра за пристап до вакцини против Ковид-19 и спроведување кампањи за вакцинација;
- 7,35 милиони евра за помош во подготвеноста за вакцини и
- 1,5 милиони евра за соработка со Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ECDC).

За социо-економското закрепнување издвоени се:
- 376,5 милиони евра за справување со економските и социјалните последици,
- Макро-финансиска помош од 750 милиони евра.

За поддршка на бизнисите и инвестициите во јавниот сектор предвидени се:
- 385 милиони евра за поддршка на мали и средни претпријатија (МСП) и
- 1,7 милијарди евра повластени заеми од Европската инвестициска банка.

**Помошта за Република Северна Македонија изнесува 235,5 милиони евра од кои:**
- 4 милиони евра непосредна поддршка за здравствениот сектор;
- 9,5 милиони евра за зајакнување на здравствените и водните системи;
- 62 милиони евра поддршка за социјалното и економското закрепнување; и
- 160 милиони евра за макрофинансиска помош.

https://www.consilium.europa.eu

## ЕКОНОМСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН НА ЕУ




Европската Унија е главен политички, економски и трговски партнер на Западен Балкан. Преку Економскиот инвестициски план (ЕИП) ЕУ обезбедува финансиска поддршка од околу 30 милијарди евра за регионот во следните 7 години. Европската унија ќе обезбеди финансирање од грантови во вредност од 9 милијарди евра преку 10 инвестициски предводници т.е. основни планови. На овој начин EIP има за цел да: поттикне долгорочно економско закрепнување, ја забрза зелената и дигитална транзиција, даде поддршка на регионалната соработка, и поттикне конвергенција со ЕУ. Планот ќе помогне да се привлечат јавни и приватни инвестиции, поддржани од Гарантниот фонд за Западен Балкан, кој има потенцијал да мобилизира 20 милијарди евра. Подоброто поврзување на земјите од регионот и продлабочувањето на регионалната соработка треба да се постигне преку зајакнување на зелената транзиција.
Инвестициите на ЕИП ќе бидат двигател за позитивни промени за Западен Балкан. Поддршката на ЕУ е поврзана со остварување напредок во владеењето на правото, социо-економските реформи и почитувањето на европските вредности, правила и стандарди. Со овој План, Европската комисија сака да поддржи долгорочно економско закрепнување втемелено врз два главни столба – дигиталната и зелената транзиција и да ја поттикне регионалната соработка и трговија.

https://ec.europa.eu/commission

## ЕКСПЕРТСКА ГРУПА ЗА ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ НА ЕУ




Европската комисија на 12 октомври годинава формираше експертска група за развивање на заеднички насоки за просветните работници со цел подобро справување против дезинформациите и подобрување на дигиталната писменост на граѓаните.
Во составот на групата ќе учествуваат компании, организации и поединци од повеќе сектори, а ќе биде управувана од Генералниот директорат за образование и култура на ЕК и Генералниот директорат за комуникациски мрежи, содржини и технологија.
Оваа иницијатива е содржана во Акцискиот план на ЕК за дигитално образование, која започна да се имплементира годинава со намера да се одговори на двојните предизвици: од транзицијата кон дигиталната ера и пост пандемискиот свет.
Слична експертска група на високо ниво за борба против лажни вести и ширење дезинформации на интернет беше формирана во 2018 година.
“Денес, критичкото размислување и оценувањето на квалитетот на информациите до луѓето пристапуваат на интернет е исто толку важна вештина како и читањето и пишувањето.Треба да се даде можност на младите луѓе да придонесат во светот на дебатата и дискусијата преку интернет. За да успееме, ќе работиме преку оваа експертска група, со нашите наставници и едукатори како вистинска движечка сила за промени во образованието и обуката” нагласи европската комесарка за иновации, истражувања, култура, образование и младина, Марија Габриел.
Главната цел на групата е кај младите да се укаже на „критички дух“ неопходен за преиспитување на содржината на која наидуваат на интернет и за разликување на факти од фикција.

https://www.euractiv.com

## ПЛАН ЗА ЗЕЛЕНИ ИНВЕСТИЦИИ „ФРАНЦИЈА 2030“




Претседателот на Франција, Емануел Макрон на 12 октомври годинава презентираше План за зелени инвестиции „Франција 2030„ чија цел е државата да биде лидер во областа на зелениот водород до 2030 година. Планирани се изградба на нови, помали нуклеарни реактори како дел од инвестицискиот план вреден 30 милијарди евра. Очекувањата се дека на овој начин ќе се зајакне индустријата и ќе се поттикнат иновациите.

Претседателот Макрон нагласи дека долгорочниот патоказ „Франција 2030“, ќе обезбеди земјата да ја декарбонизира индустријата и да донесе иновации и производство во клучните области, од автомобили, биомедицина до полупроводници, до крајот на деценијата.
Клучна улога во градењето на индустриската иднина на Франција ќе играат малите, стартап компании, заедно со познатите француски гиганти.
Франција планира да го произведе првиот авион со ниско ниво на јаглерод до 2030 година, како и масовно производство на електрични возила.
Новиот инвестициски план доаѓа заедно со програмата за економско закрепнување од 100 милијарди евра објавена минатата година за поддршка на Франција во справувањето со последиците од пандемијата на коронавирусот, од кои голем дел е подобрување на зелената политика.

https://www.reuters.com

## ЗАГРИЖЕНОСТ ВО ЕУ ПО ОДЛУКАТА НА УСТАВНИОТ СУД ВО ПОЛСКА




Уставниот суд на Полска на 7 октомври годинава, одговарајќи на прашање на полскиот премиер Матеуш Моравјецки, пресуди дека некои членови од основниот договор на Европската унија не се во согласност со полскиот Устав и дека државата не мора да ги почитува. Според Уставниот суд, членството во ЕУ и фактот што Варшава го потпиша основниот договор за функционирање на ЕУ по влезот, не значи дека таа го предала својот правен суверенитет на судовите на Унијата и дека во сите случаи правото на ЕУ не е супериорно во однос на полското право. Одлуката на судот дека Полска не мора да ги почитува законите на ЕУ доколку тие не се во согласност со нејзиниот устав, предизвика оштри реакции во ЕУ и одговор од Европската комисија.
Комисијата посочи дека детално ќе ја анализира одлуката на полскиот Уставен суд и ќе одлучи за идните чекори. Наведувајќи дека заедницата на ЕУ се заснова на вредности и закони кои мора да се почитуваат од сите земји-членки, Комисијата додаде дека правата што ги имаат европејците според основачките договори мора да бидат заштитени, каде и да живеат во ЕУ. Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен изрази длабока загриженост и нагласи дека највисок приоритет на Комисијата е да обезбеди заштита на правата на полските граѓани и дека тие ги уживаат сите придобивки што ги обезбедува членството во ЕУ. Постои сериозен ризик Полска да не го добие одобрението од Европската комисија, за Националниот план за реконструкција по пандемијата Ковид-19 и да остане без потребните пари што некои земји-членки на ЕУ веќе ги имаат примено.
Во однос на износот на паричната казна која би можела да ја изрече Европскиот суд, не е јасно. Судот ќе ја земе предвид „тежината на делото“ и економската моќ на конкретната држава. Казната може да биде и ретроактивна, од 14 јули годинава, од денот на донесувањето на времената мерка. Доколку владата на Полска не ги исплати казните навремено и во целосен износ, Комисијата ќе ги задржува достасаните исплати од буџетот на ЕУ наменети за Полска.

https://euractiv.rs

## РАСТ НА ЦЕНАТА НА ЕНЕРГИЈАТА ВО ЕУ




Европската комисија на 13 октомври годинава препорача земијте-членки на ЕУ да усвојат мерки, за намалување на даноците и државна помош, за да им помогнат на домаќинствата и компаниите од влијанието на високите цени на енергијата.
Поради економска нестабилност предизвикана од Ковид-19, Комисијата побара брза и заедничка реакција за ублажување на ефектите од зголемувањето на цените на енергијата, особено врз луѓето кои живеат во сиромаштија или ниски примања. Како помош на потрошувачите, Комисијата предложи земјите членки да понудат поддршка преку ваучери, одложено плаќање на сметките или делумно плаќање на сметките, што може да се поддржи од приходите на ЕУ. Дополнителни препораки до националните влади се воведување заштитни мерки за да се избегнат прекини во снабдувањето, намалени даночни стапки и помош за одредени компании или индустрии. Комисијата цели кон долгорочни мерки со кои ЕУ ќе се подготви за можни покачувања на цените, вклучително и забрзување на инвестициите во обновливите извори на енергија и развој на капацитетот за складирање енергија.
Официјални претставници на ЕУ истакнаа дека веќе 20 земји-членки презеле или планираат мерки за ублажување на ефектите од порастот на цените. Според истражувањето спроведено во септември годинава, речиси три милиони работници во ЕУ немаат доволно пари да платат за парно.

Очекувањата на европските експерти се дека растот на енергенсите ќе биде привремен, но дека ќе трае во текот на зимата. Зад скокот на цените стои зголемената глобална побарувачка за енергија, особено гас.
Актуелната кризата на цените на енергијата ја отвори дебатата за тоа дали ЕУ треба да поддржи нуклеарна енергија за да биде енергетски понезависна. Прашањето е дали за тој вид енергија треба да се насочат милијарди евра од Европскиот зелен договор и Фондот за закрепнување од последиците од пандемијата. Сеуште не е одлучено дали нуклеарните проекти ќе бидат вклучени во т.н таксономија, односно класификација на економските активности кои можат да се квалификуваат за одржливи инвестиции.

https://euractiv.rs

## ДИГИТАЛЕН КОВИД СЕРТИФИКАТ ВО ЕУ




Во Европската унија досега издадени се 591 милион ковид-сертификати. Европската комисија на 18 октомври година го усвои Извештајот за Дигиталниот сертификат за ковид 19, на ЕУ и неговата имплементација низ ЕУ. Според податоците на Комисијата, сертификатите придонеле за двојно зголемување на бројот на цивилни летови во јули во споредба со истиот месец минатата година. Европските сертификати се признаени во 43 земји, од кои 16 се земји кои не се членки на ЕУ. Околу 60 земји сакаат да се поврзат со европскиот систем за сертификатите со цел да обезбедат меѓусебно признавање со националните сертификати за вакцинирани, прележани и тестирани граѓани. Европската унија преговара со 27 од тие земји. Граѓаните на 20 земји-членки на ЕУ ги користат сертификатите покрај за патување низ Европа и во својата земја.
Следна проценка на валидноста на сертификатите се очекува на 31 март следната година, се истакнува во соопштението на ЕК. До тогаш, Комисијата може да предложи продолжување на користењето на сертификатите, во зависност од развојот на состојбата со пандемијата.

https://ec.europa.eu

## ПОВИСОКА ИНФЛАЦИЈА ВО ЕВРОЗОНАТА



Инфлацијата во еврозоната се искачи на највисоко ниво во последните 13 години. Производствените трошоци, кои важат за вовед во општо зголемување на цените, во септември биле повисоки за 14,2% во споредба со претходната година. Зголемено ниво на инфлацијата последен пат е забележано во времето на првата нафтена криза во октомври 1974 година. Цените во еврозоната во септември годинава биле за 3,4% повисоки со споредба со претходната година, соопшти европската служба за статистика, Евростат. Во август годинава порастот изнесувал 3%. Такво ниво на инфлација последен пат е забележано во 2008 година. Големо поскапување во септември годинава е забележано кај енергијата, за 17,4% повисока во споредба со минатата година. Цените на индустриските добра се зголемиле за 2,1%. Зголемување на цените е забележано и кај животните намирници - храна, алкохол и тутун, поскапени за 2,1%. Услужните дејности се поскапени за 1,7%.
Инфлацијата во Германија била уште повисока од просекот во еврозоната и во септември изнесувала 4,1%, што е најголемо поскапување од крајот на 1993 година.
Веќе во јули годинава инфлацијата изнесувала 3% и видливо над првично проектираната цел на Европската централна банка. Голем дел од актуелното зголемување на цените се должи на последиците на корона-кризата, истакнуваат од ЕЦБ.

https://ec.europa.eu/eurostat

## ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА РЕГИОНИ И ГРАДОВИ




Во Брисел на 11 октомври годинава започна Европската недела на региони и градови, како 19-то издание на годишната конференција оваа година на тема „Заедно за закрепнување“. Сесијата за отворање на настанот беше дебата на високо ниво и привлече 1.400 следбеници во живо.
Настанот вклучи учество на 591 партнери, 30 штандови, 1261 говорници, 142 видео сведоштва, Повеќе од 4000 пораки разменети преку платформата поттикнаа дискусија за кохезијата и „зелена и дигитална“ вклученост на граѓаните.
Неколку ВИП панелисти, вклучително и претседателот на Европскиот комитет на регионите, Апостолос Цицикостас и европската комесарка за кохезија и реформи, Елиса Фереира се приклучија во дебатата фокусирана на транзицијата од вонредна состојба кон одрживо закрепнување.
На завршната сесија беа презентирани 4 видеа со резиме на настанот и 1323 одговори на #EURregion-sWeek 2021 #TheVoiceOfTheWeek онлајн анкетата.
Настанот послужи како платформа за поттикнување на тековната дебата за демократијата и ангажманот на граѓаните во контекст на Конференцијата за Иднината на Европа.

https://europa.eu/regions-and-cities

## НАГРАДА ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО ВО ЕУ

Конзорциумот на европски медиуми познат како „Forbidden Stories“ за нивниот проект Пегасус ја добија наградата на Европскиот Парламент за најдобро истражувачко новинарство. Наградата на Европскиот Парламент изнесува 20 илјади евра и се доделува за „извонредно новинарство кое ги промовира и брани темелните вредности и принципи на Европската Унија како што се човечкото достоинство, слободата, демократијата, еднаквоста, владеењето на правото и човековите права“.Оваа награда првпат се доделува годинава, во спомен на убиената новинарка од Малта, Дафне Каруана Галиција.
Свеченото доделување се одржа во Прес центарот на Европскиот парламент. Претставувајќи ги 29-те членови на европското жири, генералниот секретар на Меѓународната федерација на новинари, Ентони Беланџер, им ја врачи наградата на претставниците на конзорциумот, Сандрин Ригауд и Лоран Ричард.
Проектот Пегасус беше објавен во јули годинава во 15 европски медиуми здружени во конзорциумот „Забранети приказни“. Сторијата обелодени дека над 180 новинари, и шефови на држави и активисти за човекови права биле прислушкувани преку софтверот Пегасус, изработен од израелската компанија НСО.

https://www.europarl.europa.eu

The Daphne Caruana Galizia Prize for Journalism

With the support of the European Parliament

***ЕУ КАЛЕНДАР / ноември 2021***

1. *Европски денови на железницата 2021, 03-05/11/2021, Порто, Португалија;*
2. *Годишна конференција за буџет 2021, 08/11/2021;*
3. *Состанок на Советот за надворешни работи, 15/11/2021, Брисел, Белгија;*
4. *Состанок на Советот за општи работи, 18/11/2021, Брисел, Белгија;*
5. *Зајакнување на трансферот на технологии во ЕУ, 17-19/11/2021, Триесте, Италија;*
6. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 22-25/11/2021, Стразбург;*
7. *Денови на отворени податоци на ЕУ 2021, 23-25/11/2021.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




